Јавно претпријатие за водоснабдување ...
... ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
Бр. 04-342/12
25.06.2019

Врз основа на член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 37-н од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 13 од Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип бр.02-498/28 од 18.06.2018 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2019 за унапредување на давател на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип**

**Член 1**

1. По Интерниот оглас број 01/2019 објавен на 06.06.2019 година, на веб странаата и на огласна табла на јавното претпријатие, за унапредување на давател на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, се избира:
   - **Елена Алексова Досевска**, за работното место Раководител на Одделение за одржување на брана со придружни објекти и опрема, со шифра КДР 0305 А03 127.
2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа, во која е содржан и предлогот за избор по Интерниот оглас бр.01/2019.
3. Именуваната ќе бидат унапредена на работното место од став 1 од оваа Одлука во рок од 5 дена по конечноста на Одлуката.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 06.06.2019 година на веб страницата и на огласната табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип објавен е Интерен оглас бр.01/2019 за унапредување на давател на јавни услуги во Јавното претпријатие.

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на даватели на јавни услуги по интерен оглас бр.01/2019, формирана од Директорот со решение бр.04-342/3 од 05.06.2019 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-342/7 од 18.06.2019 година и спроведе интервју со уредните кандидати, за кое состави записник бр.04-342/9 од 24.06.2019 година.

Врз основа на вкупно освоените бодови од селекцијата и интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2019.

Врз основа на финалната ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2019, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
25.06.2019

ЈП ХС Злетовица
Директор
Миле Илиевски

ХС "ЗЛЕТОВИЦА" Пробиштип